

Македонка



Ана Коларић[1]

КРИТИЧКИ ОСВРТ

„Архиви на невидливите“ и истражувачкиот активизам: нови извори за истражување и настава

1 Е-пошта: ana.kolaric@fil.bg.ac.rs.

Вовед

Овој текст се занимава со врската меѓу маргинализираните/заборавените истории и нивните актерки, со дигитализацијата на овој материјал и истражувачкиот активизам. Уште од седумдесеттите години на 20 век, напоредно со институционализацијата на женските студии (најпрвин на американските универзитети, а подоцна и во западноевропските земји), се формираат женски архиви и се наоѓаат начини тие да се направат колку што е можно повидливи и попристапни, како на истражувачите, така и на поширокатa публика. На почетокот, женските архиви обично сведочеле за работата на женските организации или за животот и работата на истакнати жени; подоцна, со помош на почувствителни истражувачки методи, како што е усната историја, се создаваат архиви за обичните жени во нивното секојдневие. Основна цел на женските архиви е да ги документираат активностите на жените во минатото, и тоа со собирање и чување на сите достапни документи [(дигитализирани) книжевни дела, списанија, писма, мемоари...]. Овие документи истовремено претставуваат лични/индивидуални сеќавања и историско сведоштво за работата на жените во минатото. Од почетокот на новиот милениум наваму, различен архивски материјал, а пред сè списанија, интензивно се дигитализира. Се покажа дека дигитализацијата не само што е најдобар начин тој материјал да се зачува од пропаѓање туку исто така и оваа постапка овозможува релативно обемниот, честопати расфрлен материјал да се зачува на едно виртуелно место што ќе

им биде достапно на сите и секаде: на истражувачите, наставниците, студентите, но и на поширокатa публика. Се разбира, многубројни се критериумите врз основа на кои се одлучува кој материјал ќе се дигитализира (во зависност од тоа која институција ја врши дигитализацијата и со кои средства).

Непосреден повод за пишување на овој текст е проектот „Архиви на невидливите“, кој, во рамките на Центарот за истражување на национализмот и културата – ЦИНИК, го водат и го реализираат Јана Коцевска и Ивана Хаџиевска. Овој проект е тесно поврзан со женската историја, и тоа најмалку на два начина: проектот се базира врз идеите што произлегуваат од женската/феминистичката историографија; во рамките на проектот се дигитализира и се проучува материјалот што сведочи за маргинализираната или, во повеќето случаи, дури и сосема заборавената женска историја и, истовремено, за историјата на феминистичката мисла. Досега, во рамките на овој проект се објавени две научни публикации и дигитализирано е списанието „Македонка“ (1944-1952): Орган на Антифашистичкиот фронт на жените од Македонија, првото списание на македонски јазик што им било наменето на жените и на разговорот за нивните проблеми непосредно по завршувањето на Втората светска војна.

Во првиот дел на текстот ќе понудам поширока теориско-методолошка рамка за разбирање на 1) природата на врската меѓу научното и активистичкото знаење; 2) концепцијата на проектот „Архиви на невидливите“; и 3) конкретните проблеми со кои се соочувале истражувачите во рамките на овој проект. Посебно ќе се сосредоточам на синтагмите „истражувачки активизам“ (research-based activism) и „активистичко истражување“ (activist research): Каква е врската меѓу истражувањето, знаењето и активизмот? Дали постои и каква е врската меѓу истражувачите/научните работници и високообразовните институции од една страна, и активистите и невладините организации од друга? Дали токму овие односи меѓу навидум

оддалечени и неповрзани актери ги претставуваат клучните предуслови за производство на знаење што ќе има трансформативна моќ, односно знаење што може да се примени во разбирањето, но и решавањето на постојните општествени проблеми? Ако активистичкото истражување, пред сè, се однесува на маргинализирани и угнетувани општествени групи, односно на согледување и спречување на општествена неправда, дали и на кој начин истражувањето на списаниски материјал, со особен фокус врз жените, а од гледна точка на општествените науки (пред сè, историјата) и хуманистиката, може да биде активистичко?

Во вториот дел на текстот ќе ги опишам досегашните активности на проектот „Архиви на невидливите“ и ќе воспоставам врска меѓу овој проект и сличните проекти во регионот. Потоа, малку подетално ќе говорам за зборникот „Македонка – Орган на АФЖ“ (1944-1953): историски искуства и културна меморија, кој беше објавен во 2022 година на македонски и англиски јазик.

Во заклучокот се сугерира дека истражувањето што како цел го има наоѓањето и толкувањето текстови од минатото со фокус врз жените и нивните проблеми (односно, текстови што од разни причини до неодамна биле маргинализирани или непознати како за стручната, така и за пошироката јавност) може да биде активистичко од два аспекта: научно-истражувачки (како епистемолошки, етички и политички освестена и ангажирана интервенција во постојните програми на факултетите што се занимаваат со општествени науки и хуманистика) и јавно-образовен (како епистемолошки, етички и политички освестена и ангажирана интервенција во јавниот простор, со идеја одредено знаење да се направи видливо и да се посредува, да речеме, во рамките на дебати, тркалезни маси, неформални работилници од образовен карактер, но и научно-популарни статии, интервјуа и слично).

1. Историја, паметење, активизам

Во познатиот текст „Тајноста, архивите и јавниот интерес“ (Secrecy, Archives and the Public Interest)[1], објавен во дамнешната 1977 година, Хауард Зин, американски историчар, јавен интелектуалец и општествен активист, тврди дека знаењето не е неутрално, односно со него доминираат личностите со најмногу моќ и богатство во општеството и дека тоа им служи на нивните интереси (Zinn, 1977, 18). Тој нагласува дека токму личноста што работи во или со архивите „обично се стреми да биде совесна во врска со сопствената неутралност и да ја смета својата работа за техничка, ослободена од грдиот свет на политичките интереси: работа што се состои од собирање, средување, зачувување и правење достапни на записите на општеството“ (исто, 20). Наспроти тоа, Зин смета дека оваа неутралност е лажна и дека архивистот, како и другите истражувачи и научни работници, „се стреми кон тоа да ги перпетуира и политичкиот и економскиот статус кво со тоа што си ја врши работата“ (исто, 20). Згора на ова, според Зин, напуштањето на оваа подразбрана и наводно неутрална позиција не би било, како што стравуваат многу работници, „политизирање на неутрален занает, туку хуманизирање на неизбежно политички занает“ (исто, 20).[2] Во неколку точки, Зин ги наведува доминантните трендови и тенденции во тогашната архивистика, меѓу другото и овие:

1 Една верзија на овој текст е објавена уште во 1971 година, само една година по годишната конференција на Друштвото на американските архивисти (Society of American Archivists) на којашто Зин имал свое излагање под наслов „The American Archivist and Radical Reform“.

2 Овој увид на Хауард Зин ми се чини релевантен и денес, кога на објективноста и неутралноста на науката често се повикуваат токму оние што ги фалсификуваат научните факти и вистината заради политички и економски интерес. Скорешен таков пример претставуваат наводно јавните расправи за ископувањето литиум во Србија во кои учествуваат, пред сè, соодветни и послушни научни работници.

„дознаваме најмногу за богатите, а не за сиромашните; за успешните, а не за неуспешните; за старите, а не за младите; за политички активните, а не за политички отуѓените; за мажите, а не за жените; за белите, а не за црните; за слободните луѓе, а не за затворениците; за цивилите повеќе отколку за војниците; за офицерите повеќе отколку за регрутите“ и „наспроти неодамнешниот развој на оралната историја, пишаниот збор сè уште доминира и се стреми да ги нагласува највисоките слоеви, најписмените елементи кај населението“ (исто, 21).

Се разбира, тој е свесен дека постојат и добри практики, односно пионерски напори да се документираат животите на таканаречените обични луѓе, на пример, историјата на Афроамериканците или историјата на работниците и работничкото движење. Во таа смисла, Зин на архивистите им предлага две работи: 1) „да се зафатат со кампања за отворање на сите владини документи за јавноста“; 2) „да се помачат да состават цел нов свет од документарен материјал за животите, желбите, потребите на обичните луѓе“ (исто, 25). Овие предлози се важни од аспект на воспоставувањето и одржувањето на вистинска демократија во општеството, а тоа е, според Зин, процес во кој треба да учествуваат и историчари и архивисти.

Во текстот „Архивистот како активист“ (The Archivist as Activist), исто така од 1977 година, Патрик М. Квин се присетува на панелот во рамките на годишната конференција на Друштвото на американските архивисти, на којашто во 1971 година учествувал заедно со Хауард Зин. Тој со големо почитување зборува за заклучоците на Зин, како и за двата негови предлози за архивистите – сите владини документи да се отворат за јавноста и поинтензивно да се собира материјал за таканаречените обични луѓе. Квин согледува дека само шест години подоцна, во моментот кога тој го пишува својот текст, Зиновите предлози се покажале како пророчки, односно дека архивистиката се движи токму во насоката што ја сугерирал тој. Во врска со тоа, Квин наведува неколку примери на добра практика, меѓу другото, и проектот „ВЕБ Дубоа пејперс“ (the W. E. B. DuBois

Papers Project)[3] и Истражувањето за извори на женска историја (Women's History Sources Survey) (Quinn, 1977, 29).[4] Интересен е пристапот на Квин кон односот меѓу архивистиката и активизмот. Имено, како експерти кои се втемелени во теоријата и практиката на архивистиката, архивистите секојдневно се соочуваат со различни избори и одлуки:

> „Сепак, како архивисти постојано се соочуваме со избори и одлуки што вклучуваат широк опсег на прашања што нè засегаат сите. Извесен дел од нив се релативно тривијални и секојдневни; други, пак, се од највисоко значење и итност. И додека некој сосема јасно спаѓаат во доменот на архивистиката, многу обично спаѓаат во една сива област што ги опфаќа нашите двојни улоги како архивисти и приватни лица" (исто, 31).

Со други зборови, ако активното и одговорно правење избор и донесување одлуки во врска со материјалот во којшто се има увид го наречеме активизам, тогаш Квин нема никаков проблем со тоа – „Ако за тоа станува збор кога говориме за активизам, тогаш нека го има колку што е можно повеќе" (исто, 35). Сосема друго прашање е дали така сфатениот активизам ќе биде секогаш на страната на маргинализираните и обесправените поединци и групи во општеството или прогресивните политики. Се разбира, и Зин и Квин се залагале да биде.

Женските архиви, кои се во фокусот на овој текст, настануваат како последица на недоволна видливост на жените, нивниот живот и работата, во традиционалните репозиториуми. Како што веќе беше кажано, првите женски архиви обично сведочеле за животот и работата на познати жени кои биле активни во јавноста. Со текот на времето, женските архиви

3 За повеќе информации види: https://credo.library.umass.edu/view/collection/mums312 и https://edsitement.neh.gov/media-resources/web-du-bois-papers (пристапено на 10.10.2024).

4 Види, на пример, https://www.gale.com/womens-history и https://guides.library.ucdavis.edu/womens-history/primary_sources. Овие дигитални бази и архиви не се наведени во текстот на Квин. Укажувам на нив како на некои од изворите што ни се денес релативно лесно достапни.

почнале да вклучуваат и документи за групи кои претходно не биле видливи ни за самите активистки. Во концизниот, но информативен преглед на литературата за развитокот на женските архиви, Тања Зејниш-Белчер и Карен М. Мејсон велат дека шеесеттите и седумдесеттите години биле концентрирани на утврдувањето на малобројните женски збирки, на истакнувањето на значењето на улогата на жените во архивистиката, како и врз барањето да ги има уште повеќе во таа улога, а исто така и врз преосмислувањето на постапките за собирање и опишување на материјалот во рамките на архивистиката за оваа област да ги вклучи и жените и нивната историја (Zanish-Belcher, Mason, 2007, 345). На полето на женската и општествена историја, осумдесеттите години ги обележало свртувањето од „големите жени“ (great women) кон пишувањето историја „оздола“ (from the bottom up), што, пак, несомнено се одразило и на женските архиви: доколку во архивите немало адекватни извори, историчарките преземале истражувања во областа на усната историја (исто, 346). Во деведесеттите години, архивистиката гледа и наназад и нанапред, објаснуваат Белчер и Мејсон: од една страна, излегуваат трудови посветени на создавањето на првите женски архиви, додека, од друга страна, се испитува како современата технолошка револуција, олицетворена во глобално достапниот интернет, би можела да влијае на архивите воопшто. Денес сме сведоци на силното влијание и конкретните резултати што ги имаше дигиталната револуција – и сè уште ги има – во областа на женските архиви: почнувајќи од интензивната дигитализација на материјалот, па сè до виртуелното поврзување на различните репозиториуми што не би било можно во физичкиот свет.

За да објаснат кој и од кои причини обично недостига во историскиот материјал, Белчер и Мејсон се повикуваат на заклучоците што Ева Мозли ги изнела уште во осумдесеттите (Moseley, 1973; Moseley, 1980). Имено, за Мосли класата претставувала основен критериум за вклучување, односно исклучување: поедноставно било да се соберат документите за образова-

ните жени со каква било боја на кожата или кое и да е етничко потекло, отколку документите за необразованите жени, со каква било боја на кожата или кое и да е етничко потекло. Во таа смисла, може да се каже дека писменоста и нивото на образование долго претставувале одлучувачки фактори за присуството на едни и отсуството на други жени од женските архиви. Сепак, Белчер и Мејсон даваат и свој сопствен придонес кон оваа тема така што поимот „застапеност“ (representation), а со тоа и „помала застапеност“ (underrepresentation), го сфаќаат, пред сè, контекстуално. На пример, научничките кои не биле ѕвезди во своите научни полиња ќе бидат (не)застапени во главните/познатите архиви на сличен начин како, да речеме, афроамериканските локални активисти (Zanish-Belcher, Mason, 2007, 348). Исто така, „женските архиви денес можеби покажуваат феминистичка пристрасност и можеби не успеваат да документираат групи што не ги споделуваат овие вредности или групи што активно им се спротивставуваат на овие вредности, какви што се десничарските организации или групите за право на живот“ (исто, 348). Оттука, за да можат да ги разберат и да ги објаснат своите одлуки во врска со собирањето на одреден материјал, архивистите мораат да бидат свесни за своите сопствени предубедувања.

На крајот, Белчер и Мејсон разгледуваат и две само навидум технички и практични прашања во врска со женските архиви: како да се дојде до релевантни документи и кому му се наменети овие архиви? Порано, кога женските архиви ги собирале и ги чувале документите, пред сè, за женските организации и истакнатите жени, начинот на обраќање кон потенцијалниот донатор бил релативно едноставен: ќе им се испратело писмо во име на репозиториумот на донаторот кој обично бил познат (наследници и роднини). Меѓутоа, кога женските архиви, по трагата на општествената историја од осумдесеттите години на дваесеттиот век, се свртеле кон документирањето на секојдневниот живот на обичните луѓе, собирањето материјал барало многу повеќе напор, бидејќи не постоеле очигледни донатори.

Белчер и Мејсон наведуваат некои од начините на кој може да се обелодени заинтересираноста на архивистот за одредена група, проблем, тема: одењето на архивистите на јавни настани на места каде што се собира локалната заедница, објавувањето огласи во весниците и другите медиуми, дистрибуирање на печатен материјал, како што се обележувачите за книги и брошурите, како и најефикасниот метод „од уста на уста“ (Zanish-Belcher, Mason, 2007, 351-352).

Белчер и Мејсон биле оптимисти во поглед на потенцијалните корисници на женските архиви: од една страна, најмногу интерес за женските архиви покажуваат истражувачите, научните работници и студентите, делумно и поради тоа што многу од овие архиви се наоѓаат токму во универзитетите и на кампусите; од друга страна, дигитализацијата на архивскиот материјал и достапноста на женските архиви на мрежата, во виртуелниот свет, привлекуваат не само многу повеќе истражувачи[5] туку и обични граѓани.[6] Во таа смисла, слободниот пристап кон женските архиви на мрежата е и еден облик на демократизација на знаењето (изворите им се достапни секаде на сите). Згора на тоа, дигитализацијата на материјалот и слободниот пристап ги прават овие архиви видливи и за оние традиционални истражувачи и научни работници кои порано биле слепи за женските архиви и овој материјал воопшто не го разгледувале во своите анализи (Zanish-Belcher, Mason, 2007, 355). Се разбира, тоа не значи дека овие истражувачи одеднаш ќе ги земат предвид женските архиви само поради нивната достапност. Но, барем нема да можат да порекнат дека тие постојат и, згора на тоа, се лесно достапни. Со други зборови, одлуката

5 На пример, истражувачите кои не живеат и не работат во САД или Англија, туку, да речеме, во земјите на централна и источна Европа, сега можат да го користат архивскиот материјал што порано им бил физички слабо достапен или сосема недостапен.

6 Белчер и Мејсон тврдат дека „дигиталната содржина не само што ги урива ѕидовите на архивите туку исто така го проширува и самиот концепт на користење. (...) Експертите по генеалогија што бараат некој предок, жените кои бараат рецепт по кој нешто печела мајка им и луѓето кои се обидуваат одново да се поврзат со стари пријатели или членови на поширокото семејство се одушевени што можат да ги најдат сите овие нешта на нашите интернет-страници“ (2007, 354-355).

да не ги употребат ќе биде непосредна последица на нивните конкретни убедувања и мера на нивното (не)знаење. Едно е извесно: „женските архиви воедно се физички и симболички простори каде што искуствата на жените се оценуваат и се зачувуваат“ (исто, 356) и со тоа претставуваат скапоцен извор за истражувањата и наставата во областа на феминистичката мисла, женската историја, како и историјата на секојдневниот живот на жените.

Земајќи ги предвид претходноспоменатите заклучоци и предлози на Хауард Зин, како и тенденциите во рамките на архивистиката во последните неколку децении, Владан Вуклиш и Ен Ц. Гилиленд говорат за различни облици на архивски активизам (archival activism) (Vukliš, Gilliland, 2017).[7] Од гледна точка на мојот текст за проектот „Архиви на невидливите“, најинтересен облик на архивски активизам е автономното архивирање – се работи за автономни граѓански самодокументациски проекти (community archives), кои „најчесто настануваат како одговор на неуспехот, неспособноста или одбивањето на традиционалните архиви да ја документираат стварноста на одредена заедница, за да ги заштитат списите што членовите на заедниците ги сметаат за важни или на тие луѓе да им овозможат пристап до информациите што веќе се наоѓаат под нивна контрола“ (исто, 193). Меѓутоа, Вуклиш и Гилиленд истовремено нагласуваат дека „разликите меѓу автономното архивирање и професионалната архивистика не се непремостливи“, односно не само што е можно туку е и пожелно институционално независните архивисти да земат учество во активистичките проекти и движења и да им бидат соодветна професионална поддршка (исто, 195). Покрај овој, постојат и уште некои други облици на соработка што ќе бидат важни во продолжение на текстот. На пример, ситуациите во кои финансиската и/или техничката поддршка на невладините организации за да се дигитализира одреден материјал доаѓа од страна на Министерството за култура/образование/наука, иако е многу веројатно дека овие министерства

7 Статијата е објавена на англиски јазик, види Vukliš, Gilliland 2016.

не би го издвоиле самоиницијативно или одобриле токму тој материјал како приоритетен во годишните планови и програми за дигитализација во народните/универзитетските библиотеки.

Вуклиш и Гилиленд го дефинираат истражувачкиот активизам и како користење на архивски материјал при ископувањето на потиснатите истории што на таков начин стануваат актуелни: „Покрај општопознатите примери од постконфликтните општества, каде што пристапот до материјалот овозможувал соочување со сторените злосторства, 'истражувачкиот активизам' исто така подразбира реконструкција на 'народните истории' преку официјален – државен или корпоративен – запис" (исто, 197). Тие наведуваат два впечатливи примера на суштествено поврзување на историјата, сеќавањето и активизмот преку архивски материјал: 1) дигитализација на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ), која во 2015 година ја почна една невладина организација од Сараево – „Црвена", а целта на проектот беше да „се претстават, афирмираат и оживеат еманципаторските постигнувања на антифашистичката борба на жените на Босна и Херцеговина"; 2) група студенти и професори од Универзитетот во Бања Лука ги искористи списите на регионалните организации на АФЖ, кои се чувале во Архивата на Република Српска, за да ја прикажат историјата на женската борба од феминистичка перспектива; од таа иницијатива во 2016 година произлезе изложбата „Воспоставување на изгубената врска: АФЖ во Босанска Краина" (Vukliš, Gilliland, 2017, 197). Овие два примера се илустративни за двојната улога што може да ја има истражувачкиот активизам: од една страна, тој е свртен кон минатото и реконструкцијата на маргинализираната/потиснатата/заборавената историја преку официјален запис; од друга страна, постои свест за тоа дека од минатото се преземаат втемелувачки наративи врз основа на кои се раскажува и за сегашноста и за иднината. Со други зборови, активистичкиот аспект на ваквите истражувања на минатото можеме да го пронајдеме токму во активната улога што тие можат да ја

имаат, не само за сегашната и идна состојба во науката туку и во општеството.

За експлицитната врска меѓу истражувањето, знаењето и општеството говорат текстовите за активистичкото истражување (activist research): ова истражување не е ограничено на лица што се „активисти“, иако тие би можеле да бидат централни за него, ниту имплицира дека истражувачите/научните работници ќе станат „активисти“ во вообичаеното значење на тој збор (Hale, 2001, 13). Она што особено се нагласува во повеќето од овие текстови е отворената политичност на истражувањата и, во врска со тоа, специфичните методолошки прашања и проблеми. Чарлс Хејл прецизно ги наведува основните аспекти на активистичкото истражување:

> „а) ни помага подобро да ги разбереме главните причини за нееднаквоста, угнетувањето, насилството и со нив поврзаните состојби на човечко страдање; б) се изведува, во секоја фаза од конципирањето до дисеминирањето, во директна соработка со организиран колектив на луѓе кои и самите се подложени на вакви услови; в) се користи, заедно со луѓето за кои станува збор, за да се формулираат стратегии за трансформирање на овие услови и да се постигне моќта нужна за овие стратегии да бидат ефикасни“ (исто, 13).

Се добива впечаток дека истражувачкиот активизам (research-based activism) и активистичкото истражување (activist research), па дури и архивскиот активизам, под одредени услови можат да се поврзат: кога се занимаваат со неодамнешното минато (на пример, архивското истражување на планските, системските, организираните и политички мотивираните силувања жени, но и мажи, на подрачјето на БиХ за време на вооружените судири во деведесеттите години) или, пак, со сегашноста (на пример, истражувањето на врската меѓу ископувањето на одредени руди, загадувањето на животната средина и животниот стандард на луѓето на одредена територија), односно кога е можно јасно да се утврдат поединците или

групите што треба да го почувствуваат учинокот на истражувањето врз сопствената кожа, да речеме, по донесувањето на нови стратегии, регулативи или закони (правни, образовни, културни, еколошки...). Но, треба да се има на ум дека кога се работи за истражување текстови од дамнешното минато, иако учинокот на одредено истражување може да биде и политички и образовен и симболички, истражувањето нема нужно да подразбира учество на одредени личности, ниту заклучоците на истражувањето ќе доведат до формулирање или спроведување на некоја нова стратегија, регулатива или закон.[8]

Хејл истакнува еден аспект на активистичкото истражување што, ми се чини, би требало да ни стане истражувачко, но и педагошко *credo*, зашто, пред сè, се однесува на одговорното занимавање со научните и општествените проблеми. Имено, наспроти тенденцијата стручноста и научниот авторитет да се согледуваат како производи на објективно, неутрално, безинтересно знаење, „практиката на активистичко истражување бара од нас да ги утврдиме нашите најдлабоки етичко-политички убедувања и да им дозволиме да го водат формулирањето на нашите истражувачки цели“ (Hale, 2001, 14). Сосема е очекувано координаторките на проектот „Архиви на невидливите“, Јана Коцевска и Ивана Хаџиевска, да тргнале токму од сопствените и политички и етички убедувања во обмислувањето и реализацијата на овој научно-образовен и активистички проект. Во продолжение на текстов се разгледуваат нивните теориски и методолошки претпоставки, но и конкретните резултати на проектот.

8 Мигел М. Мартинез јасно го разликува активистичкото истражување во социологијата од критичката или јавната социологија. Според него, на активистичкото истражување треба да се гледа како на „колективни процеси на соработка меѓу академските истражувачи и неакадемската јавност, при што се произведува социолошко знаење и се поттикнуваат акции чија цел е да се променат општествените проблеми, обично во корист на вклучените неакадемски општествени групи“. И понатаму: „Ова не значи дека критичките академски проучувачи и јавните социолози секогаш практикуваат активистичко истражување. Едноставно, тие би можеле да применат конвенционални, непартиципативни начини на произведување на научно знаење и потоа да ги дисеминираат своите согледувања преку мејнстрим медиумите“, види Martinez, 2024.

2. Женска историја, периодика, дигитализација

Да тргнеме од контекстот во којшто е создаден проектот „Архиви на невидливите“. Имено, овој проект во 2021 година го почнаа Јана Коцевска и Ивана Хаџиевска под закрила на граѓанската организација ЦИНИК – Центар за истражување на национализмот и културата. Интересно е што мисијата и целите на овој центар се многу слични со претпоставките на активистичкото истражување:

Центарот за истражување на национализмот и културата е формиран со цел да понуди дополнителен интелектуален простор и експертиза во полето на студиите на национализмот, во општество каде ова поле се соочува со недостаток на научно внимание и институционална поддршка. (...) Ние го разбираме национализмот како културен конструкт, феномен тесно поврзан со културата. (...) Нашиот фокус е пред сè во манифестирањето на национализмот во „базата“, т.е. кај индивидуите и колективите на основното општествено ниво. Нашиот интерес опфаќа и истражување на начинот на кој културните практики се поврзуваат со одредени државни политики кои што ги таргетираат индивидуалните или групните идентитети, како и начинот на кој државата ги контролира тие врски преку внатрешната културна политика. Сметаме дека конфликтите базирани на „различноста“ многу често се појавуваат поради специфични погледи на историјата кои можат да бидат погрешно протолкувани, па дури и манипулирани од страна на структурите на моќ. Со комбинација на политичките науки, антропологијата, историјата и социологијата како научни дисциплини, се стремиме кон разбирање на културата на национализмот во регионот и кон пренесување на нашите заклучоци во јавноста со цел поди-

гање на свест за причините за феномените како стереотипи, предрасуди, омраза и дискриминација.[9]

Со други зборови, 1) бидејќи одреден проблем и одредено поле – национализмот и проучувањето на национализмот – не добиле соодветно и доволно внимание во рамките на научните истражувања и од официјалните институции, поединци со научно-истражувачка втемеленост во општествените науки и хуманистиката го истражуваат овој проблем под закрила на невладина организација; овие поединци се заинтересирани за 2) состојбата „на терен", односно за манифестирањето на одреден проблем внатре во локалната заедница и 3) начинот на кој конкретните државни политики го третираат – или почесто, го перпетуираат – овој проблем, одржувајќи и поддржувајќи го статус квото во општеството.

На сличен начин може да се објасни и потребата од проектот „Архиви на невидливите": 1) лошата состојба во институционалните архиви, а особено недостигот од знаење и отсуството на грижа за женското културно наследство и историографија, ги натерале историчарката Ивана Хаџиевска и антропологината/етнологината Јана Коцевска одредени архиви да им ги направат пристапни на јавноста и истражувачите така што 2) екстензивно пишувале за нив и вклучиле и други заинтересирани истражувачи во својот проект и 3) го дигитализирале конкретниот материјал. Досега, во рамките на овој проект, во издание на ЦИНИК, објавени се две публикации „Жените во печатот од Вардарска Македонија помеѓу двете светски војни" (2021) и „Македонка – Орган на АФЖ (1944-1953): историски искуства и културна меморија" (2022) и дигитализирано е списанието „Македонка".[10] Треба да се нагласи дека и двете публикации се достапни онлајн на македонски и на англиски јазик,[11]

9 Види: https://cinikskopje.wordpress.com/ (пристапено на: 15.10.2024).

10 Сите броеви на списанието „Македонка" се достапни на интернет-адресата: //nevidliviarhivi.mk/magazines/.

11 Види: https://nevidliviarhivi.mk/pdf-category/texts/.

што претставува пионерски потфат од тој вид во регионот: не само што истражувачите од регионот можат лесно да му пристапат на овој материјал и да го користат туку тоа можат да го сторат и истражувачи кои работат и надвор од регионот (било во одделенија сосредоточени на проучувањето на централна и источна Европа или Балканот, било во славистичките одделенија што се занимаваат, пред сè, со јазикот и книжевноста). Затоа може да се каже дека овие публикации ги поттикнуваат истражувачите на нови компаративни истражувања. Во таа смисла, преводите на англиски јазик никако не би требало да се сфаќаат како согласување на една „мала култура“ со правилата на „доминантната“ култура, туку како однапред обмислено влегување во дијалог во рамките на поширокатa научно-истражувачка заедница.[12]

Целта на проектот е да се истражи историјата на македонските жени „низ комплексниот калеидоскоп на периодиката – првенствено сфатен како извор на кој се архивира човечката општествена активност што не е нужно опфатена во официјалните, антологизираните и институционализираните наративи, а била клучна за формирање на модерните обрасци во културата и политиката“ (Хаџиевска, Коцевска, 2022, 38). Значи, Хаџиевска и Коцевска промислено го избираат списанискиот материјал како основен извор во истражувањето,[13] а списанијата пре-

12 Секако, тоа не значи дека не постојат конкретни односи на моќ во рамките на општествените науки и хуманистиката. Порано тие односи на моќ се перципираа како јасна опозиција меѓу „центрите“ во кои се произведува знаењето и „полупериферијата“ и „периферијата“ во кои знаењето се презема, репродуцира и, во најдобар случај, „културно се преведува“. Ми се чини дека денес работите стојат особено поинаку, односно дека постои свест за произведувањето знаење и на полупериферијата и периферијата. Но, прашањето е во колкава мера и на каков начин тоа знаење се дели и надвор од локалната заедница. Хаџиевска и Коцевска со својот проект се обидуваат да го сторат токму тоа, а времето ќе ги покаже ефектите на нивниот обид. Се разбира, овде термините полупериферија и периферија не ги користам со пејоративно значење, туку како терминолошки „кратенки“ за општопознатите – иако често стереотипни и/или интересни – поделби.

13 Историски гледано, женските и феминистичките списанија претставувале мобилизациска сила така што ги собирале активистките и влијаеле врз создавањето на нови поддржувач(к)и на женското движење. Женската и феминистичката периодика истовремено претставува историски документ (*опис* на едно време) и критички/теориски исказ (*толкување* на едно време). Таа е сведоштво за континуитетот, а исто така и за дисконтинуитетот, на феминистичката мисла.

цизно ги опишуваат како *архив* на општествените активности. Во принцип, овие активности произлегувале од сите сегменти на човековиот живот – политиката, образованието, здравјето и културата, додека во женските списанија тие дополнително биле обоени со „женското искуство“[14] и, во поединечни случаи, со феминистичката перспектива на уредничките и авторките. Во таа смисла, на женските списанија од првата половина на дваесеттиот век навистина може да се гледа како на своевидни женски архиви, бидејќи во нив соработуваат и објавуваат познати и непознати авторки и маргинализирани и заборавени авторки, како и авторки што пишувале под псевдоним и такви што воопшто не се ни потпишувале; се воспоставувале женски интелектуални мрежи, како на национално, така и на транснационално ниво, и тоа преку извештаи од конгреси и состаноци, преводи, преписки; се создаваат и се развиваат и поединечни теориски поими, како што е *нова жена*, кои биле важни во политичка, образовна и културна смисла; постои обемен материјал за пишување на поинакви истории на книжевноста и истории на книжевната критика од оние што се доминантни во училишните/студиските програми, но и во јавноста; и слично.

Иако се првенствено заинтересирани за женските/феминистичките списанија, што се гледа од нивната одлука да се дигитализира првото такво списание на македонски јазик – „Македонка“, и Хаџиевска и Коцевска биле свесни дека предвид треба да се земат и сите оние други списанија во кои или се пишувало за жените и нивните проблеми и/или во кои жените биле (па, макар и ретки) соработнички.[15] Оттука, нивната прва

14 Оваа синтагма не треба да се чита есенцијалистички. Имено, женското искуство не е однапред (биолошки) зададено или предодредено (со биологијата), не е вистинито и автентично, туку треба да се сфати како општествено конструирано.

15 Во врска со тоа, треба да се потсетиме на методолошкото предупредување што Слободанка Пековиќ го резимирала на следниот начин: „И понатаму сум претпазлива кон одредницата *феминизам*. Сметам дека оваа одредница го стесни полето на истражување. Феминизмот е важно движење од почетокот на дваесеттиот век, важно е и денес, бидејќи, без оглед на сите политички и правни прокламации, стереотипите за местото, способностите и можностите на жените и понатаму се присутни. Феминистичките проучувања на периодиката или, пак, проучувањата на феминистичката периодика се незаобиколни термини во работата на женската

публикација се занимава со претставувањето на жените во периодиката на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни, а предвид се земени следните списанија: „Луч: Месечено списание за културни, економски и социјални прашања“, „Смена“ и „Илюстрация Илиндень“. Во „Предговорот“, Нада Бошковска го истакнува следното:

> „Не е воопшто зачудувачки што истражувач(к)ите од тимот најдоа толку малку текстови чии авторки се жени. Големите поместувања во областа на урбанизацијата, писменоста и правната еднаквост не се случиле сè до периодот на социјализмот и не вродиле со плод сè до шеесеттите години. Во периодот помеѓу двете светски војни, југословенска Македонија останала запуштена провинција во која државата не само што не инвестирала туку и го експлоатирала регионот, на пример со плаќање многу пониски цени за тутунот – важна и лукративна агрикултура за државата (...) Сиромаштијата била особено впечатлива, здравствената грижа речиси не постоела, а смртноста на новороденчињата и маларијата ’беснееле‘ во регионот. Стапката на неписменост на населението била речиси 84% во 1921 година и само малку се намалила во 1939 година, кога изнесувала 70%; помеѓу жените неписмената била повисока. Во тенкиот слој на интелектуалци имало малку жени, кои ретко станувале видливи. Потребна е интензивна архивска работа за тие да бидат лоцирани“ (Бошковска, 2021, 14-15).

Како што веќе повеќепати се истакнува, а се гледа и од наведениот цитат, писменоста и образованието биле главен предуслов за учеството на жените во јавниот живот. Овој факт се одразува и врз современите истражувања на женската историја и феминистичката мисла: неопходна е долготрајна упорна работа во архивите за да се пронајдат какви било сведоштва

периодика. Но, не би требало да се ограничиме само на тој вид истражување, зашто каде тогаш би ги сместиле оние списанија што се протофеминистички, феминофилни или само женски. Сите списанија што им овозможувале на жените да се искажат, што ги охрабрувале или ги одобрувале нивните активности и постигнувања се еднакво важни. Дури и оние што се на спротивната страна, изразито против феминизмот, против женскиот ангажман надвор од куќата – важни се, бидејќи се другата, темната страна на огледалото во кои се огледува степенот на човековите – женските права, односно правата на малцинствата“, види Peković, 2016.

за ретките образовани жени во меѓувоениот период, а кои зад себе оставиле некаква пишана трага. Бошковска ги потсетува читателите на зборникот дека таквиот вид истражување во рамките на првиот циклус на проектот „Архиви на невидливите“ делумно го спречила пандемијата на вирусот КОВИД-19, бидејќи во тој период, поради прекинувањето на работата на институциите, на истражувачите на располагање им бил само дигитализираниот материјал. За среќа, веќе во вториот циклус на проектот било можно да се позанимава со списанието „Македонка“, првото вистински женско списание на македонски јазик. Овде скратено ќе ги прикажам текстовите од зборникот, а во заклучокот, во духот на истражувачкиот активизам и активистичкото истражување, ќе ги поврзам овие текстови со современиот контекст и актуелните проблеми.

Зборникот „Македонка – Орган на АФЖ (1944-1952): историски искуства и културна меморија“ се состои од предговор, воведен текст на уредничките, пет истражувачки трудови и поговор. Ваквата концепција не е случајна: предговорот и поговорот го поврзуваат зборникот со поширокиот регионален контекст, како за време на социјалистичкото минато (главно нишка на поврзување се АФЖ и неговите активности), така и во современоста (се укажува на мрежата на истражувачки заинтересирани за женската и феминистичката периодика, како и на некои понови проекти на дигитализација); воведниот текст на уредничките исцрпно ја опишува работата на проектот општо, но и подетално, работата врз списанието „Македонка“, додека поединечните истражувачки текстови се сосредоточуваат на конкретни теми и проблеми во списанието. На рамниште на зборникот како целина, но и во рамките на поединечните текстови, очигледно е постојаното поврзување на минатото и сегашноста, односно укажувањето на улогата што минатото може да ја има во конституирањето на токму ваква – а сепак поинаква – сегашност. Или, како што Хаџиевска и Коцевска прецизно го формулираат тоа, „поразителна последица на заборавот во овој случај е губењето на секаква врска меѓу вред-

ностите на АФЖ од политичка, културолошка и економска природа и современите концепти на родова еднаквост“ (Хаџиевска, Коцевска, 2022, 56).

Во списанието „Македонка“ се вкрстуваат две истории: женската и социјалистичката. Еманципацијата на жените била практично државен проект (top down) и оттука тесно поврзана со сеопштата – политичка, образовна, културна – реконструкција на општеството по Втората светска војна: целта била „создавање на ’новата социјалистичка жена‘ која токму низ политичката еманципација може целосно да учествува во новото социјалистичко општество“ (Хаџиевска, Коцевска, 2022, 34). Погледнато од перспективата на деведесеттите години на дваесеттиот век и распадот на Југославија, вклучително и поединечните државни проекти на национална обнова, не зачудува тоа што токму (заедничкото) социјалистичко наследство е лесно „заборавено“, а заедно со него и антифашистичката женска историја во текот и непосредно по Втората светска војна. Во таа смисла, во едно интервју, Хаџиевска и Коцевска истакнуваат дека „сеќавањето на списанието преживеало само во мнемоничките кругови какви што се организациите што произлегле од Сојузот на борците на НОБ како чувари на традицијата на антифашизмот или во академските кругови преку работата на поединечни издавач(к)и (Хаџиевска, Коцевска, 2022). Исто така, промените на насловот на списанието, а со тоа и на неговите програмски политики, уверливо го илустрираат односот кон женската еманципација во втората половина на дваесеттиот век, што Хаџиевска и Коцевска концизно го опишуваат како пат од „револуционерните повоени идеи за ново социјалистичко општество, до реакционизмот во постјугословенското општество обележан од турбонационализам и репатријархализација [„Македонка“ од 1944 до 1952 година; „Просветена жена – Орган на женските друштва на Македонија“ (Enlightened Woman – Organ of the Women’s Societies of Macedonia) од 1953 година; „Жена“ (Woman) од 1990 година; „Нова жена“ (New Woman) од

1997 до 2005 година; од 2005 година кус период излегува под насловот „Згодна“ (Handsome)] (исто). Со ваквиот кус цитат се насочува вниманието кон уште една важна работа: исто како што југословенското антифашистичко наследство е историја што регионот гордо или, пак, неволно ја споделува, така и национализмот, шовинизмот и репатријархализацијата се заеднички елементи на поновата историја во овој регион, која исто така гордо или, пак, неволно ја споделуваме.

Уредничките на зборникот наведуваат неколку проекти во регионот што, пред сè методолошки, им биле важни: 1) дигитализацијата на материјалот на Антифашистичкиот фронт на жените (АФЖ) – на невладината организација од Сараево „Црвена“;[16] 2) индивидуалната културна и уметничка иницијатива на Адела Јушиќ (употреба на извори, сведоштва, биографии и списанија поврзани со работата на АФЖ); 3) „Женско движење 2020“ (Women's Movement 2020);[17] 4) базата на податоци и електронското списание „Книженство“.[18] Во Република Северна Македонија, улогата за чување на културата на паметењето на антифашистичкото женско движење врз себе ја презеде независната културна сцена, конкретно феминистичкиот фестивал „ПРВО ПА ЖЕНСКО“ во организација на колективот „Тиииит! Инк.“ од Скопје (една од основачките на колективот е токму Јана Коцевска).

Кога станува збор за достапноста на материјалот, неколку броја на списанието „Македонка“ можат да се најдат во Националната и универзитетска библиотека во Скопје, додека сите броеви се зачувани само во Народната библиотека на Србија во Белград, каде што Хаџиевска и Коцевска ги скенирале за потребите на истражувањето. Со други зборови, трудовите во зборникот за списанието „Македонка“ се потпирале на скениран материјал, кој подоцна е поставен на интернет-страницата

16 Види: https://afzarhiv.org/items/show/481 (пристапено на 18.10.2024).

17 Види: https://www.zenskipokret.org/ (пристапено на 18.10.2024).

18 Види: http://www.knjizenstvo.rs/#gsc.tab=0 (пристапено на 18.10.2024).

на Народната библиотека на Србија,[19] како и на страницата на проектот „Архиви на невидливите“. Треба и да се нагласи дека проектот во сите негови фази го поддржале фондацијата „Хајнрих Бел“ – Heinrich Böll Stiftung (Сараево) и Министерството за култура на Република Северна Македонија. Слично на ова, дигитализацијата на списанието „Женски покрет“ ја поддржа Министерството за култура на Србија. Како што веќе беше кажано во првиот дел на овој текст, интересна е подготвеноста на јавните институции да поддржат вакви иницијативи, кои обично не се приоритет во областите на образованието и културата.

Ивана Пантелиќ, историчарка од Институтот за современа историја во Белград, која низа години се занимава со историјата на антифашизмот, пред сè од гледна точка на женското движење (види Pantelić, 2011), во предговорот накусо го опишува основањето, работата и распадот на АФЖ и неговите ограноци, исцртувајќи го на тој начин поширокиот контекст за конкретните анализи на списанието „Македонка“.

Во воведниот текст, уредничките на зборникот Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска ги изнесуваат причините за своето истражување, го опишуваат поширокиот контекст, укажувајќи на слични проекти во регионот, ги наведуваат сопствените методолошки претпоставки, но и пречките на кои наидувале, за што во овој текст веќе стана збор. Покрај тоа, тие нудат и информативна „лична карта“ на списанието „Македонка“, истакнувајќи дека во списанието главно работеле жени (како уреднички и соработнички), но и мажи (обично во улога на технички уредници, фотографи, но и познати писатели). Списанието излегувало еднаш месечно, честопати како двоброј, а важно е да се спомене дека во него биле застапени и јазиците на малцинствата, како турскиот и албанскиот јазик. Во врска со програмата на списанието, Хаџиевска и Коцевска ги наведу-

19 Види: https://digitalna.nb.rs/view/URN:NB:RS:ND_4CF06BD702E6089481F093226CC82C09 (пристапено на 29.10.2024).

ваат вообичаените сегменти и рубрики, како и оние што само повремено се појавувале во списанието. Тие издвојуваат четири тематски единици за кои говорат текстовите во зборникот: политичка историја, општествени, образовни и лингвистичко-семантички аспекти.

Во текстот за политичката историја „Политичко издигнување на жените: форми на политичко учество на жените во социјалистичка Македонија“, Ивана Хаџиевска ја следи употребата на синтагмата „политичка еманципација на жените“ во списанието и издвојува три хронолошко-политички фази: 1) херојска фаза; 2) ударничка фаза; и 3) постепен распад на АФЖ. „Херојската“ фаза се потпира врз учеството на жените во партизанското движење и на антифашизмот се гледа како на основен предуслов за создавањето на политички освестена жена. „Ударничката“ фаза по 1947 година се однесува на масовното учество на жените во доброволните работни акции, како и на вклучувањето на жените во одредени сектори на индустријата. Третата фаза ја одликуваат предизвиците и тешкотиите „на теренот“, како и реорганизацијата на самото АФЖ. Хаџиевска пишува за отпорот кон описменувањето, особено во руралните средини, поради што некои од огранoците организирале теориски часови за политичка еманципација на жената. Исто така, во текстот се истакнува дека преминот од првата во втората фаза го обележала промената на наративот за социјалистичката жена: таа од револуционерен се претворила во продуктивен/производен субјект, односно работничка која вози трактор, работи во фабрика и слично. Кај тие жени ударнички како важно прашање се појавува грижата и негата на децата, односно прашањето за градинките. Третата фаза се одликува со саморефлексија и самокритика: наместо тесниот фокус врз описменувањето и културно-образовните програми, се истакнува значењето на политичката еманципација во смисла познавање и користење на конкретни закони, односно правата на жените во општеството. На крајот, Хаџиевска тврди дека политиката на

АФЖ во Македонија сосема се поклопувала со комунистичката идеологија (односно дека „женското прашање“ било наводно решено со победата на работничката класа) и дека „Македонка“, како политичко женско списание, не може да се дефинира како феминистичко списание. Меѓутоа, таа истовремено нагласува дека активностите на уредничките и соработничките на ова списание сведочат за нивните профеминистички тенденции, а најдобар пример за тоа се текстовите на една од уредничките – Веселинка Малинска. Покрај ова, Хаџиевска во заклучокот сугерира дека во иднина би требало да се истражат политичките кариери, односно интелектуалните биографии на клучните соработнички на списанието. Со други зборови, Хаџиевска укажува на сложеноста на уредничките политики и авторските позиции во списание што однапред било обоено, а делумно и ограничувано, од политиката на АФЖ.

Инхерентните контрадикторности во процесот на еманципацијата на жените во периодот 1944-1952 година што произлегувале од одржувањето на стереотипните женски улоги на едно подлабоко ниво се тема на поттикнувачкиот и провокативен текст на Јана Коцевска за општествената благосостојба и здравствената заштита. Во овој текст, истовремено се разгледува феминистичкиот потенцијал во женските активности и иницијативи за кои се пишува во списанието „Македонка“ и се испитува еднодимензионалното прикажување на жените во ова списание како мајки, старателки и воспитувачки на децата, особено во врска со таканаречената двојна бреме (double burden) што жените го носеле/поднесувале во социјализмот (полно работно време и на работа и дома). Со други зборови, Коцевска ги анализира аспектите на општествената благосостојба и здравствената заштита што биле очигледно еманципаторски и биле во корист на жените во новото социјалистичко општество и, паралелно со тоа, обрнува внимание и на неуспешните обиди на жените суштински да се ослободат од хетеропатријархалната логика. Таа издвојува три вида текстови: 1) текстови-из-

вештаи за тековната ситуација, често во споредба со минатото; 2) образовни и еманципаторски текстови напишани како совети (на мајките, домаќинките...); 3) текстови што ги величаат успесите на социјалистичките жени кои ги уживале погодностите на новото време (Коцевска, 2022, 110).

Коцевска ги толкува многубројните примери од списанието во кои навидум се изнесуваат (современи) прогресивни убедувања, а се критикува назадното однесување наследено од минатото. Такви се текстовите на медицинските експерти за лошата состојба кај породувањата, одржувањето на хигиената и воспитувањето на децата во руралните средини. Навистина, состојбата била лоша. Доволно е да се спомене високата стапка на смртност кај породувањата, како и во раната возраст кај децата, и тоа поради инфекции и болести што можеле да се санираат. Меѓутоа, наместо фокусот да биде врз исклучително лошите услови за живот, сиромаштијата, макотрпната физичка работа на жените и слично, што на крајот било одговорност и на државата, овие експерти – обично мажи – се занимавале со „назадните“ практики на жените на село и на тој начин ја префрлале одговорноста за лошата состојба токму врз жените.

Логично е што во фокусот на повоеното општество, кое се стремело кон обнова на земјата по големите разурнувања, биле децата и репродуктивните политики. Жените требало да придонесат кон создавањето на социјалистичкото општество на секаков начин, па и како мајки. Тоа довело до создавање на специфична култура на мајчинството што подразбирала младите родители, а пред сè мајките, да забораваат на приказните за родителството од минатото (пред сè, на суеверијата) и да се водат според советите на современите експерти (лекари, педагози...). Во текот на петгодишниот план на реконструкција, а од гледна точка на стратегиите во областа на општествената благосостојба и здравствената заштита, било сторено неверојатно многу: се отвориле нови породилишта, градинки (на пример, во 1939 година имало 116 градинки, а во 1949 година веќе ги

имало 325), а сразмерно со тоа растел и бројот на вработени во овие гранки (медицински сестри, бабици, педијатриски сестри, педијатри, заболекари, воспитувачки...). Меѓутоа, поради недоволната феминистичка свест, опстојала и традиционална родова поделба на трудот во којашто таканаречениот труд на љубов, односно невидливиот женски труд, бил непризнат и неплатен. Коцевска согледува сличен проблем и во современите општества, особено во време на поголемите општествени и економски кризи, но и во текот на неочекуваните глобални кризи, како пандемијата на вирусот КОВИД-19, кога феминизацијата на домашната работа и грижата за децата беше и повеќе од очигледна.

Списанието „Македонка“ било официјално средство за информирање на сите случувања на планот на општествената благосостојба и здравствена заштита што се однесувале на жените. Имало и активна советодавна улога: како да се подготви храната и како безбедно да се чува, како да се води сметка за хигиената и здравјето и слично. Според Коцевска, токму овој аспект на списанието, непосредното обраќање на читателките во врска со нивните секојдневни проблеми бил скапоцен и имал најмногу ефект во поглед на создавањето, како на женската заедница, така и на чувството на припаѓање на новото социјалистичко општество (Коцевска, 2022, 138).

Дарко Леитнер-Стојанов го користи терминот образование кога говори за текстовите во „Македонка“ што му биле посветени на организирањето на „описменување на возрасните, со наставниот процес во училиштата, со политичките одлуки и активности во полето на образованието, со искуствата од теренската работа, со текстови со научно-популарна содржина, со конкурси за упис во средни училишта и сл.“ (Леитнер-Стојанов, 2022, 154). Него го интересира како ова списание известувало за образовните процеси и како придонесувало кон нивниот развој. Како важни референтни точки во образовниот наратив во „Македонка“ треба да се издвојат еманципацијата и слободата,

смета Леитнер-Стојанов. Со други зборови, писменоста и образованието на жените биле предуслов за нивната еманципација.

Доминантни теми во текстовите за образованието биле описменувањето на возрасните („борба против неписменоста“, стручното оспособување, задржувањето на децата во училиштата и, непосредно поврзано со тоа, развивање свест кај родителите за важноста на образовниот процес, како и грижата за подмладокот) (Леитнер-Стојанов, 2022, 160). Не само што „Македонка“ ги известувала читателките за сите наведени прашања туку и активно ги убедувала и мобилизирала да се вклучат во образованието. Пречките биле различни: од тоа дека не сметале сите жени дека образованието е важно, до тоа што родителите и мажите ги спречувале своите ќерки, односно сопруги да се образуваат.

Леитнер-Стојанов ја нагласува врската меѓу описменувањето и женската еманципација од една страна и описменувањето и политичката мобилизација од друга страна: „описменета и културно-издигната жена не значи само добар работник и граѓанин туку и добар социјалист“ (2022, 178). Со други зборови, за да се разбере врската меѓу еманципацијата и политичката мобилизација, треба да се земе предвид идеолошката заднина на образовните политики во повоена социјалистичка Југославија. Леитнер-Стојанов заклучува дека образовните кампањи во времето на излегувањето на „Македонка“ биле насочени кон градење на комунистичко општество така што ги спојувале образованието и пропагандата (исто, 183).[20]

Во текстот за наративните стратегии во создавањето на женските ликови во книжевните прилози во „Македонка“, Мања Величковска најпрвин укажува на цврстата врска меѓу книжевноста и политиката/пропагандата во ова списание, а потоа го

20 Сличен пример би била кампањата за женска еманципација, со фокус врз подобро образование на жените, од почетокот на 20 век на територијата на денешна Војводина: жените требало да се образоваат за да бидат подобри мајки, сопруги и ќерки, односно подобри Србинки во посакуваната национална држава, види Kolarić, 2017.

опишува примерокот за анализа: 134 литературни прилози, од коишто 19,1% од прилозите ги напишале жени, 71,9% ги напишале мажи, а преостанатото било усна книжевност. Во текстот се анализираат 1) женските ликови во различните „арени“ на оружената борба, и 2) женските ликови и нивното спротивставување на различните хегемонии (Величковска, 2022, 190-191). Во првата група се наоѓаат литературните прилози што го тематизираат разделувањето пред заминувањето во војна (главно меѓу син и мајка, момче и девојка, брат и сестра); хетеротопиите како домот, логорот и шумата; загинувањето на жените во првите борбени редови; како и сеќавањето на загинатите борки. Величковска со многубројни примери ги илустрира општите места што ги познаваме и од другите национални книжевности од тој период: бестрашни, самопожртвувани и одмаздољубиви мајки, како и мајки кои ги чекаат синовите да се вратат од војна; идентификување на жените кои загинале во борба со нацијата/телото на нацијата и слично. Во втората група текстови спаѓаат литературните прилози во кои женските ликови (мајки, ќерки, сестри...) ги преиспитуваат патријархалните концепти на бракот и семејството (на пример, се зазема критички став кон обичајот жените да се откажуваат од наследството во корист на мажот), религијата и државните авторитети (критички однос кон носењето фереце во муслиманските заедници), како и класната нееднаквост. Како и во повеќето списанија што на некој начин биле образовно-пропагандни, литературните прилози во „Македонка“ биле во дијалог со стварноста и ги фикционализирале, помалку или повеќе успешно, реалните општествени проблеми со коишто се соочувале жените.

Современата уметница Христина Иваноска се зафаќа со визуелната димензија на списанието „Македонка“. Името на нејзиното истражување е воедно и име на нејзината самостојна изложба „Документот што недостига: ’Македонка‘ – еманципација, смисла и копнеж“, а и двете се инспирирани од првиот број на „Македонка“, како и од транскрибирани и архивирани све-

дoштва на личностите што учествувале во ослободителните и еманципаторските движења.

Во еден вид епилог, Јелена Милинковиќ од Институтот за книжевност и уметност во Белград накратко укажува на главните одлики на женската периодика од првата половина на дваесеттиот век, и тоа пред сè онаа што излегувала во меѓувоениот период и непосредно по завршувањето на Втората светска војна. Таа воспоставува очигледна паралела меѓу списанието „Македонка“ и списанието „Жена данас“, кое излегувало во Белград: и на визуелен и на програмски план овие две списанија имаат многу заеднички елементи. Покрај тоа, Милинковиќ укажува и на врската со пионерскиот печат, кој исто така произлегол од НОБ и бил насочен кон создавање на нова детска/пионерска култура. Од перспектива на личност која го иницираше и го реализираше проектот „Женски покрет 2020“ во Србија, Јелена Милинковиќ го истакнува значењето на проектот „Архиви на невидливите“ во регионален контекст и искажува желба материјалот што се користел во рамките на овој проект во догледно време да биде дигитализиран. Тоа се случи значително побргу отколку што очекувавме, и тоа благодарение на истражувачките и активистички напори на Ивана Хаџиевска и Јана Коцевска.

Заклучок

Во овој текст се обидов да укажам на врската меѓу историјата, архивите и дигитализацијата, пред сѐ од феминистичка перспектива. Покрај тоа, ме интересираше дали на некаков начин можеме да говориме за истражувачки/архивски активизам и како проектот „Архиви на невидливите“ би можел да се разбере од таа гледна точка. И локално и регионално, значењето на овој проект е неоспорно. „Архиви на невидливите“ успешно ја реконструира женската историја, односно еден нејзин сегмент, главно од периодот на социјализмот, осветлувајќи ги повеќето теориски, методолошки, но и етички прашања и проблеми во овој процес. Сите резултати од проектот (двете публикации и списанието „Македонка“) се достапни онлајн и учествуваат во создавањето на еден – отворен и видлив – женски архив.

Треба да се нагласи, како што прават и авторите на поединечните текстови, дека сите истражувања во зборникот за списанието „Македонка“ обработуваат проблеми што и денес се актуелни во регионот, како генерално, така и од феминистичка гледна точка: политичката еманципација и партиципација на жените во политичкиот живот, општествената благосостојба и здравствената заштита, образованието, културата, литературата. Тука ќе наведам само некои од тие проблеми, држејќи се до контекстот што ми е најблизок.

Во врска со политичката еманципација и правата на жените вреди да се спомене дека во јуни 2024 година, Уставниот суд на Србија ја укина примената на Законот за родова рамноправност, излегувајќи им во пресрет на главните критики на овој закон што можат да се резимираат на следниот начин: родот не е уставна категорија, а полот е; стандардниот српски јазик не познава родна димензија.[21] Главни критичари беа Српската

21 Види: https://www.otvorenavratapravosudja.rs/teme/ustavno-pravo/privremeno-obustavljena-primena-zakona-o-rodnoj-ravnopravnosti (пристапено на 21.10.2024).

православна црква, Матица српска и јавните интелектуалци/научни работници кои ги поддржуваат ставовите на овие две институции. Иако навистина е можно да се полемизира со некои одредби на Законот за родова рамноправност (на пример, за обврзното користење на родово чувствителен јазик во официјалните институции и во јавниот живот, заедно со парични казни кога тој не се користи), она што загрижува е одлучното одбивање на наведените – конзервативни, „национално освестени“ – институции да го прифатат фактот дека и понатаму постои родова нерамноправност во општеството. Силниот конзервативизам и недоволно информираните „аргументи“ што најчесто доаѓаат од редовите на универзитетските наставници, се искажуваат во миг кога во Србија насилството кон жените е често и погубно, особено во партнерските заедници и семејствата.

Идејата за општествена благосостојба и здравствена заштита ги притиска сите граѓани и граѓанки, а особено во време кога на местото на јавната грижа за благосостојбата и здравјето на луѓето стапи приватизацијата на работата што претходно ја вршеа државните установи: почнувајќи од паралелните здравствени системи (јавен и приватен) во кои главно работат истите здравствени работници (кои на таков начин ја зголемуваат својата иницијално ниска заработувачка, но и своето работно време и оптоварување), па сè до паралелните системи во областа на грижата за децата (градинки), каде што се покажа дека нема доволно места во државните градинки и родителите се принудени макар и делумно да плаќаат за приватни градинки за своите деца, но и да ги водат во објекти што не ги исполнуваат нужно сите критериуми за безбедност, квалитет и слично, и до тоа во градинките да нема доволно воспитувач(к)и, поради што трпат и вработените и децата, а неретко се случува и по некоја несреќа, која при соодветни услови за работа би можела да се избегне.[22] И двете тенденции можат да

22 Види, на пример, https://www.slobodnaevropa.org/a/srbija-zdravstvo/29141888.html; https://www.danas.rs/vesti/drustvo/vaspitacica-priznala-da-je-ostavila-decu-samu-kada-je-decak-progutao-zir-i-preminuo/ (пристапено на 21.10.2024).

се согледаат како државни проекти за приватизација на јавниот сектор, особено здравствениот и образовниот, а штетата ја трпат сите оние што се вклучени во овие системи, со тоа што најранливата група секако ја сочинуваат децата.

Состојбата во образованието, а со тоа и во културата/книжевноста, исто така е загрижувачка, тргнувајќи од врсничкото насилство, па до насилството кон просветните работници, било од страна на децата или од страна на родителите, па преку функционалната неписменост кај голем број ученици [а последично и граѓан(к)и], па сè до сè поскапото и непристапно високо образование (не само и не нужно поради школарините туку и поради сè поголемите трошоци за живот во градовите). Во таква ситуација, иницијативите како воведувањето на обврзниот учебник „Ризница – национална читанка“, во основните и средните училишта во Србија, во кои се проповеда љубов кон татковината, изгледаат крајно несоодветно.[23]

Кога ќе се земат предвид некои од наведените проблеми, а верувам Србија во тој поглед не е исклучок, станува уште појасно зошто истражувањата од зборникот за списанието „Македонка“ се релевантни и за нас денес: без познавањето на женската историја, особено кога станува збор за периодот на социјализмот во кој еманципацијата, просветителството и идеите за јавното добро биле придвижувачки елементи, тешко можеме да го разбереме нашиот современ контекст и цената на приклучувањето – но, не и рамноправното учество во – капиталистичкото општество. Се разбира, тука не заговарам некритичка идеализација и романтизација на југословенскиот социјализам, туку сугерирам дека вреди да се потсетиме на добрите практики од овој период и одново да ја обмислиме нашата начелна идејна насоченост кон колку што е можно повисок животен стандард на колку што поголем број граѓани и граѓанки.

---

23 Види: https://www.slobodnaevropa.org/a/nacionalna-citanka-srbija-casovi-rodoljublja/33146259.нahtml (пристапено 21.10.2024).